ЈАВНА ЗДРАВСТВЕНА УСТАНОВА
ПСИХИЈАТРИСКА БОЛНИЦА "СКОПЈЕ" - СКОПЈЕ
INSTITUCIONI I SHËNDETIT PUBLIK
SPITALI PSIKIATRIK "SHKUP" - SHKUP
Бр-Nr. 04-1110/1
15.09.2023 год.-vitit

Врз основа на член 48 став 4 од Законот за административни службеници (,,Службен весник на Република Македонија бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16, 11/18 и (,,Службен весник на Република Северна Македонија,, бр. 275/19, 14/20, 215/21 и 99/22) и член 2 од Правилникот за формата и содржината на интерниот оглас, начинот на поднесување на пријавата за унапредување, начинот и спроведување на административната селекција и интервјуто, како и начинот на нивно бодирање и максималниот број на бодови од постапката на селекција, во зависност од категоријата на работно место за кое е објавен интерниот оглас (,,Службен весник на Република Македонија,, бр. 11/15 и 35/18), ЈЗУ Психијатриска болница,,Скопје,, - Скопје објавува

**ИНТЕРЕН ОГЛАС број 02/2023**

**За пополнување на работно место со унапредување**

1. **Раководител на Одделение за човечки ресурси** , шифра ЗДР 01 02 Б04 003 ниво Б4 Одделение за човечки ресурси, Сектор за административно-правни и општи работи број на извршители 1

**Општи услови:**

- Да е државјанин на РСМ
- Да е полнолетен
- Да има општа здравствена способност за работното место и
- Со правосилна на судска пресуда да не му е изречена казна за забрана на вршење на професија, дејност или должност

**Посебни услови:**

- Ниво на квалификациите VI A според Македонската рамка на квалификации и најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТ или завршен VII/1 степен Социјална работа и социјална политика ,психологија ,Правни науки
- Потврда за положен испит за административно управување
- Работно искуство и тоа:
- За нивото Б1 најмалку шест години работно искуство во струката од кои најмалку две години на раководно работно место во јавен сектор, односно најмалку десет години работно искуство во струката од кои најмалку три години на раководно работно место во приватен сектор
- За нивото Б2 најмалку пет години работно искуство во струката од кои најмалку две години на раководно работно место во јавен сектор, односно најмалку осум години работно искуство во струката од кои најмалку три години на раководно работно место во приватен сектор
- Најмалку четири години работно искуство во струката од кои најмалку една година на работно место во јавен сектор, односно најмалку шест години работно искуство во струката од кои најмалку две години на раководно работно место во приватен сектор

**Општи работни компетенции на напредно ниво:**

- Учење и развој
- Комуникација
- Остварување резултати
- Работење со други/тимска работа/стратешка свест
- Ориентираност кон странките/засегнати страни
- Раководење и финансиско управување

**Посебни работни компетенции:**

- Активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење
- Активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски, германски)

**Работно време**: Понеделник од 07.00-14.00 часот додека петок од 07.00 – 13.00 часот неделно

**Нето месечна плата: 32.184.00 денари**

На интерниот оглас може да се јави административен службеник, вработен во ЈЗУ Психијатриска болница,,Скопје,, - Скопје, кој ги исполнува горенаведените општи и посебни услови и работни компетенции за пополнување на работното место пропишани за соодветното ниво во овој закон и во актот за систематизација, како и :

- Да е оценет со оцена ,,А,, или ,,Б,, при последното оценување на кое бил оценуван
- Да е на работно место на непосредно пониско ниво или да е на работно место во рамки на истата категорија во која е работното место за кое е објавен интерниот оглас
- Да поминал најмалку две години на исто ниво и
- Да не му е изречена дисциплинска мерка во последната година пред објавувањето на интерниот оглас

Кандидатите кон пријавата покрај доказите за исполнување на општите и посебните услови можат да ги приложат и следните докази:

Потврди за успешно реализирани обуки

Потврди за успшено реализирано менторство

Рокот за доставување на пријавите изнесува 5 (пет) дена од денот на објавувањето на огласот

Заинтересираните административни службеници поднесуваат пополнета пријава и докази за исполнување на општите и посебните услови за работно место (доколку истите ги немаат претходно доставено во персоналното досие) преку архивата на ЈЗУ Психијатриска болница,,Скопје,, -Скопје адреса Ул.,,Скупи 20,, бр. 56 и до службената електронска адреса **pbskopje1@t.hom** за интерен оглас бр. 02/2023 и реден број на работното место за кое аплицираат.

Ненавремена , нецелосна и неуредна пополнета пријава нема да биде предмет на разгледување.

Постапката ќе ја спроведе Комисијата за селекција за унапредување формирана од страна на ЈЗУ Психијатриска болница,,Скопје,, - Скопје.

Номинирани лица во Комисијата за спроведување на Интерен оглас се следните:

Лефка Јеремиќ, претседател- раководител на Сектор за административно-општи работи
Ивона Јованова, заменик- раководител на Сектор за материјално финансиски работи и сметководство

Согласно член 50 од Законот за административни службеници Ве молиме да номинирате член и заменик член од Вашите вработени.

Од причина што ЈЗУ Психијатриска болница,,Скопје,, -Скопје, нема соодветни лица односно лицето кое ги врши работите за управување со човечки ресурси ќе биде кандидат во постапката за унапредување Ве молиме да номинирате член и заменик член за човечки ресурси од редот на Вашите вработени.

**НАПОМЕНА**. Кандидатот кој внел лажни податоци во пријавата се дисквалификува од натамошна постапка

**В.Д. Директор/U.D.Drejtor**
**Мухсин Арифи/Muhsin Arifi**

ЈЗУ ПСИХИЈАТРИСКА БОЛНИЦА „СКОПЈЕ“ - СКОПЈЕ
ул. Скупи-20 бр.56, тел. ++389(0)2 30 95 607, тел/факс ++389(0)2 30 95 601
IPSH SPITALI PSIKIATRIK „SHKUP“ - SHKUP
rr. Skupi-20 nr.56, tel.++389(0)2 30 95 607, tel/faks ++389(0)2 30 95 601
www.pbskopje.org.mk pbskopje@pbskopje.org.mk

**ПРИЈАВА ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА
АДМИНИСТРАТИВЕН СЛУЖБЕНИК ПРЕКУ ИНТЕРЕН ОГЛАС**

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Податоци за огласот** | | | |
| Број на интерен оглас | | | |
| Реден број и назив на работно место за кое се пријавува кандидатот | | | |
| **Лични податоци за кандидатот** | | | |
| Име и презиме | | | |
| **Работно место на кое е распореден** | | | |
| Ниво и звање на административниот службеник во последните две години пред објавување на интерен оглас | | | |
| Контакт телефон | | | |
| **Податоци за исполнување на условите за пополнување на работното место** | | | |
| Степен на образование или стекнати кредити | | | |
| Вид на образование и насока | | | |
| Образовна институција | | | |
| Работно искуство | | | |
| Последните 3 оценки на кандидатот (година и оцена) | | | |
| Изречена дисциплинска мерка 1 година пред објавување на интерниот оглас (заокружи) | ДА | НЕ | |
| Кон пријавата ги доставувам и следните документи | | | |

Согласен сум личните податоци во пријавата да се користат исклучиво за цели на постапката на унапредувањето по пат на Интерен оглас во ЈЗУ Психијатриска болница,,Скопје,, - Скопје.

Изјавувам под морална, материјална и кривична одговорност дека податоците во пријавата се точни, а доставените докази верни на оригиналот.
Кандидатот кој внел лажни податоци се дисквалификува во натамошната постапка.

**Административен службеник**

______________________________
(Име и презиме и потпис)